**Известување за концентрација со која БИГ Енергиа Холдингс Кфт, Унгарија ќе стекне контрола над ДАМ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје (предмет бр. 08-119/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 09.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **БИГ Енергиа Холдингс Кфт**., друштво основано и организирано согласно законите на Унгарија, чие седиште е на ул. Марко 7.6 кат 8, 1055 Будимпешта, Унгарија, *има намера да стекне самостојна контрола над* Друштвото за производство трговија и услуги **ДАМ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје**, друштво со ограничена одговорност кое е основано и постои согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на ул. Иван Аговски бр.11-1/10, Скопје по пат на купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**БИГ Енергиа Холдингс Кфт**. е во 100% сопственост на БИГ МЕГА ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА ДОО (во понатамошниот текст "БИГ").

БИГ е енергетско друштво кое е независен производител на енергија и работи во Израел, Романија, Босна и Херцеговина, Србија и Северна Македонија. Друштвото е подружница на 2 јавни друштва, БИГ СХОППИНГ ЦЕНТЕРС Лтд. и МЕГА од кои двете друштва котираат на берзата во Тел Авив.
Во изминатите години БИГ преку БИГ Енергиа Холдингс Кфт. почна да инвестира во секторот на електрична енергија преку купување на удели односно цели друштва, и/или преку развивање на сопствени проекти.

БИГ Енергиа Холдингс Кфт. има регистрирано присуство во Северна Македонија преку:

- Друштвото за производство на електрична енергија **БИГ МЕГА МАКЕДОНИЈА – ШТИП СОЛАР ОНЕ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Дебарца бр.20, Скопје, кое како основна дејност има регистрирано производство на електрична енергија.

- Друштвото за производство, трговија и услуги **БИГ МЕГА МЕНАЏМЕНТ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Наум Наумовски – Борче бр.40 кат 5 лок.8, Скопје кое како основна дејност има регистрирано управувачки дејности

- **БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје и ЧАШИЦА СОЛАР ДОО Скопје**., двете со едиште на ул.Дебарца бр.20, Скопје, а како основна дејност имаат регистрирано производство на електрична енергија.

- **СКАЈ СОЛАР ДООЕЛ Скопје.** со регистрирано седиште на ул. Иван Аговски бр.11-1/10, Скопје а како основна дејност има регистрирано производство на електрична енергија.

**ДАМ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје** е друштво со ограничена одговорност чија регистрирана приоритетна дејност е производство на електрична енергија. Друштвото сеуште е во фаза на развој на проектот за изградба и обезбедување на сите потребни лиценци на централа за производство на електрична енергија од соларни панели-фотоволтаици, и сеуште нема започнато со производство на електрична енергија.

Подносителот на известувањето смета дека за целите на оценка на концентрацијата, како релевантен пазар може да се дефинира пазарот на *производство на електрична енергија од обновливи извори во Република Северна Македонија*.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

10.08.2023 година
Скопје